Прилог број 45

ПРОТОКОЛ

за начинот и условите на работа на танцови и балетски клубови

1. Спортистите и членовите во спортеките сали и центрите за танцување да доаѓаат во однапред определени термини и во групи. Секоја група да вежба/танцува само во термините определени за нив. При влез/излез задолжително да биде употреба на маски, визири и наракавици (опрема за лична заштита).

2. Танчерите и лицата кои тренираат, задолжително да дојдат подготвени за тренинг во спортеката опрема која ќе ја користат и да не се користат гардероби за пресоблекување.

3. Обувките кои ќе се користат за тренинг задолжително да се облечат на влез во танцовиот клуб, да се користат наменски во просторот за тренинг и да не се користат гардеробите за пресоблекување.
Да се обезбеди соодветен простор за обувките и на танчерите и на лицата кои тренираат, кои ги користат надвор и истите задолжително да ги складираат во соодветна торба (кесичка). Задолжително е вршење дезинфекција на просторот за складирање (плакар), по завршување на секој тренинг.

4. Бројот на лица кои тренираат во една група не смее да надмине од 10 до 12 во просторија од минимум 60-70 м^2, со задолжително носење на лична заштита на лицето и дезинфекција на рацете.

5. Пред теоретеката и практичната настава, да се преземат засилени санитарно-хигиенски мерки, просториите и тоалетите да се исчистат зачестено, 4-5 пати во текот на денот со употреба на средство за дезинфекција кое делува на вирусен според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) за подот или 70% алкохол за дезинфекција за горните површини.
Во танцовите клубови особено да се внимава на хигиената на површините што често се користат (рачки од врати и прозори, маси, огради на скали и сл.) Кога користат средства за дезинфекција, строго да се следат упатствата на производителот, особено оној за контакт време (времето што е потребно за средството за дезинфекција да ги уништи микробите на предметите).

6. На видливи места да се постават постери со информативен карактер за заштита од COVID-19 (миење раце, отпадок, правилна употреба на заштитни маски, правила на однесување за време на одржување на курсевите и сл.).

7. Да се обезбедат корпи за отпадоци за маските и ракавиците и истите да бидат поставени надвор од објектот. На влезот од просториите и во тоалетите да се постават средства за дезинфекција на рацете. Истите да се користат на секој половина час и за начинот на употреба на истите да бидат информирани вработените и лицата кои тренираат.

8. На тренинзите да бидат обезбедени и достапни топломери, течен сапун и средства за дезинфекција.

9. Во тоалетите задолжително да се обезбеди течен сапун и хартиени бришачи, периодично да се изврши чистењето и истото да се евидентира со потпис.

10.Во просториите да не се користат клима уреди. Да се обезбеди соодветна вентилација на просториите.

11.Поставување на сите потребни заштитни средства (дезинфекција на патики на влез, раце и сл.).

12.Простор за секое дете присутно на час од 1,5м квадратни. (и во нормални услови, танчарите имаат свој простор од минимум 1 $м^2$).

13.Комплетна дезинфекција на просториите, пред и по часовите.

14.Временски период помеѓу секој час (од 20 до 30 минути) за комплетна вентилација и чистење на просториите.

15. Забранет е контакт помеѓу две различни групи помеѓу тренинзите.

16.Забранет влез за родители/старатели/придружници.

17.Дезинфекција и миење на раце пред и по секој час, како и едно задолжително дезинфицирање на рацете за време на тренингот.

18.Тренерите/инструкторите да носат заштитна маска.

19.Доколку се присутни повеќе од еден трепер во просториите за танц, да нема никаков контакт помеѓу нив, да одржуваат растојание од минимум 2 метри.

20. Се забранува размена на предмети помеѓу присутните на час (телефони, гардероби, накит и слично).

21. При влез во танцовите клубови, членовите да извршат дезинфицирање на обувките со поставените дезинфицирани бришачи пред вратите. На сите членови при доаѓање ќе им се измери температура со далечински термометри и истото ќе се евидентира. Нема да се примаат членовите кои имаат температура над 37 степени и при истото ќе се информираат соодветни здравствени центри.

22. Членариниte да се подмируваат електронски, со трансакциски сметки и сл. Да не се практикува плаќање во готовина.

23. Гардеробите треба да бидат заклучени и да не ги користат учесниците.

24. Сите реквизити, опрема и уреди што ќе се користат за време на тренингот, мора да бидат правилно дезинфицирани пред и после тренинзите.

25. Не е дозволен директен физички контакт помеѓу учесниците (со исклучок доколку се членови на исто семејство).

26. Се препорачува отпочнување со работа и тренинзи на отворен простор, со почитување на сите претходно наведени мерки за заштита.